“Е В Р О П А“ – СКОПЈЕ
Ф-ка за чоколади,
вафли и бонбони АД ЦО
Бр. 0201/1720
06.12. 2022 год.
СКОПЈЕ

По однос на оваа точка, а согласно член 25 и 91 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје и член 22,287,383,417,418 и 419 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 06-ти Декември 2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
***за измена и дополнување на Статутот на АД ЕВРОПА Скопје***

**Член 1**

Во статутот на друштвото се врши измена и дополнување на начин што во член 9 се брише став 1 и на негово место се додава нов став 1, па сега истиот гласи :

,, Друштвото ќе ги врши сите дејности определени со Националната класификација на дејности, освен оние за кои е потребна согласност, одобрение, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган – ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС.’’

**Член 2**

Во статутот на друштвото се врши измена и дополнување на начин што во член 9 се брише став 3 и на негово место се додава нов став 3, па сега истиот гласи :

Приоритетна дејност/Главна приходна шифра на Друштвото е 10.82: Производство на какао, чоколади и кондиторски производи.

**Член 3**

Се овластуваат стручните служби преку овластен регистрационен агент да ја спроведат оваа одлука во Централниот регистар на Р.М.

**Член 4**

Се овластува Одборот на директори на АД ЕВРОПА Скопје да утврди ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ на Статутот на Акционерско друштво, фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА – Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 91 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје Одборот на директори поднесе предлог иницијатива за измена и дополнување во текстот на Стаутот до Собранието на акционери на АД ЕВРОПА Скопје заради усогласување со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Скопје, 06.12.2022 година

Претседавач на
Собрание на акционери
на АД ЕВРОПА Скопје

________________________